## Коментар на „Нацрт статут на УКИМ“

| Извадок од нацрт статут на УКИМ | Коментар |
|---|---|
| ***Учество на студентите во управувањето*** **Член 387** Студентскиот парламент е организација во која членуваат претставници на студентите, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози. | Студентското организирање е процес со кој студентите обезбедуваат активно учество во дејствувањето, развојот и промоцијата на факултетите и Универзитетот. Моторна сила на севкупното студентско организирање на УКИМ ќе биде Студентскиот парламент на Универзитетот. Парламентот ќе има извршна, а не само одлучувачка улога и ќе има одговорна задача да креира, реализира и поддржува студентски иницијативи, акции, проекти и политики. |
| **Член 388** Во Студентскиот парламент на Универзитетот членуваат преставници од Студентските парламенти на факултетите, кои се органи на истиот. | Делегирањето на претставници од Студентските парламенти на факултетите во Универзитетскиот парламент ќе придонесе за намалување на неговата функционалност, но и оневозможување на студентите непосредно да ги изберат претставниците на студентските организации кои ќе го формираат нивниот парламент. |
| **Член 389** Членовите на Студентскиот парламент на Универзитетот ги избира Студентскиот парламент на секој факултет поодделно со мандат од 1 година врз основа на правилник за избор. | |
| **Член 390** Бројот на претставници од секој факултет во Студентскиот парламент на Универзитеот се одредува пропорцинално на бројот на студенти на факултетот, избрани врз основа на посебни критериуми пропишани во правилник. | Студентскиот парламент ќе биде единствено ефикасен доколку е реален репрезент на сите форми на студентско организирање на сите факултети, ослободен од било какви притисоци и влијанија. Студентскиот парламент се креира врз основа на непосредни избори на кои учествуваат сите заинтересирени и регистрирани студентски организации и групи на студенти. |
| **Член 391** Членовите на Студентскиот парламент на факултетот се избрани на непосредни, фер и демократски избори од страна на студентите на факултетот со мандат од 2 години, со право на уште еден последователен избор. | Потребата од пропорционална застапеност на студентите од сите факултети ќе предизвика зајакнување, окрупнување и развој на студентските организации кои функционираат на ниво на факултетите или на универзитетско ниво. Изборите за Студентски парламент се гаранција за функционалност на демократијата меѓу студентите, но и на институционално и универзитетско ниво. |

МЛАДИНСКИ ОБРАЗОВЕН ФОРУМ
YOUTH EDUCATIONAL FORUM

| Извадок од нацрт статут на УКИМ | Коментар |
| --- | --- |
| **Член 392**<br>Финансирањето на Студентскиот парламент на Универзитетот и факултетите се утврдува со посебен правилник за финансирање и со Статутот на Студентскиот парламент на Универзитетот.<br><br>**Член 393**<br>Во Студентскиот парламент рамноправно членуваат и по еден претставник од студентските форми на самоорганизирање на Универзитетот утврдени со акт на Студентскиот парламент. | Нереална, нејасна и непотребна е одредбата од член 393 која определува во Студентскиот парламент на Универзитетот да учествува и по еден претставник од студентските форми на самоорганизирање.<br><br>Секоја студентска организација или група студенти која ги исполнува утврдените услови ќе има можност да учество на изборите за Студентски парламемент. Во конкретниот случај не е дефинирано на кои “студентски форми на самоорганизирање” се мисли, што асоцира на оставање можност да не се гарантира учество на сите заинтересирани студенти на непосредни, фер и демократски избори. Конституирањето на парламентот не смее да биде процес на фаворизирање или маргинализирање на одредена групација на студенти. |
| **Член 394**<br>Студентскиот парламент на Универзитетот има свој претседател, кој се избира на тајни и непосредни избори со мандат од 2 години без право на уште еден последователен избор. | Претседателот на Студентскиот парламент е студент кој управува, раководи, менаџира и се грижи за непречено негово функционирање. Во случај на непосредни, фер и демократски избори за претставници на Студентскиот парламент, нивната легитимност е доволно голема што им дозволува да изберат свој претседател, а исто така и да го разрешат доколку работи нелегално и неисполнително.<br><br>Изборот на претседател на непосредни избори ќе значи дополнителен процес на нефукционалност на парламентот. Затоа особено е важно студентите директно да ги изберат своите претставници во својот парламент и со тоа да делегираат одговорност парламентот да избере свој претседател. |

| Извадок од нацрт статут на УКИМ | Коментар |
|---|---|
| **Член 395**<br>Начинот на кандидирање и избор се утврдува со статут на Студентскиот пралament на Универзитетот.<br><br>**Член 396**<br>Правилниците ги донесува Студентскиот парламент на Универзитетот.<br><br>**Член 397**<br>Работата на Студентскиот парлемент на Универзитетот и факултетите се утврдува со статут на Студентскиот парламент на Универзитетот.<br><br>**Член 410**<br>Студентскиот парламент на Универзитетот е правен наследник на Сојузот на студенти на Универзитетот.<br>Студентскиот парламент на Универзитетот и студентските парламенти на факултетите ќе се конституираат и ќе изберат претставници во органите на Универзитетот и факултетите најдоцна до ________ 2008 година.<br>Во рок од 3 месеци од стапувањето во сила на овој Статут, Студентскиот парламент ќе ги донесе актите од својот делокруг. | Студентскиот парламент е нова форма на студентско организирање во Република Македонија, која треба да го реформира последниот застарен и монополистички систем, кој до сега го претставуваше ССУКМ. Било какво поистоветување и преземање правно наследство од стариот систем значи повторно моноплизирање и на Студентскиот парламент.<br><br>Сојузите на студенти, исто како и сите други студентски организации и групи на студенти, треба да имаат еднаква можност да ги претставуваат студентите во рамките на парламентите. Студентскиот парламент, Универзитетот и факултетите мора да гарантираат слобода на здружување на студентите, нивна еднаква застапеност, а не да фаворизираат одредени организации и со тоа повторно да ги принудуваат студентите да членуваат во сојузите на студенти.<br><br>Во интерес на побрза реформа на студентско организирање, Студентските парламенти на Унверзитетот и факултетите треба да се изберат и конституираат најдоцна до 31.12.2008 година, до кога треба целосно да почне да се имплементира и Законот за високо образование.<br><br>Да потсетиме дека на Петицијата во 2007 година, 11,000 студенти од УКИМ се потпишаа за вистинска реформа во студентското организирање, за воведување плурализам, за згаснување на затвореното, неефикасно и монолоистичко студентско уредување претставено од сојузите. 11,000 студенти побараа Студентски парламент, кој нема да значи ни правно ни функционално наследување на стариот систем. |